Врз основа на чл. 92, став 5 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2019 од 22 мај 2019 година), Судскиот совет на Република Северна Македонија, по добивањето на мислење од општата седница на Врховниот Суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 18.12.2020 година, ја усвои следната:

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА КВАЛИТАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СУДОВИТЕ

## Дел I Општи принципи

### Член 1

(1) Оваа методологија го уредува оценувањето на квалитативните критериуми за оценувањето на работата на претседателите на судовите, согласно член 92, став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ( во натамошниот текст:ЗССРСМ ).

(2) Оценувањето треба да биде извршено без да се наруши независноста и самостојноста на судиите во вршењето на судиската функција (член 76, став 2 од ЗССРСМ).

### Член 2
### Комисија за оценување

Изборот на Комисијата за оценување (член 92, став 4 од ЗССРСМ) се врши во согласност со одредбите предвидени во Методологијата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за избор на комисии задолжени за оценување на судиите

### Член 3
### Период на оценување

(3) Периодот на оценување е временскиот период во кој се преземени активностите и се донесени одлуките опфатени со оценувањето.Тој почнува со крајот на претходниот период на оценување на претседателот на судот, или ако таков период не постои, со првиот ден од стапувањето на должност на претседателот на судот.Периодот на оценување завршува со датумот на избор на комисијата за оценување од Судскиот советна Република Северна Македонија ( во натамошниот текст:  Советот).

(1) или, ако претходно завршил мандатот на претседателот, со последниот ден од мандатот на претседателот на судот.
(2) Периодите на времено оддалечување од вршењето на функцијата или отсуство од работното место што трае подолго од 30 дена, од каква било причина, ќе се сметаат за околност во која Претседателот не можел да делува (ллен 92, став 3 од ЗССРСМ).

**Член 4**
**Транспарентност на извештаите**

Извештаите од редовните и вонредните контроли од повисокиот суд, Советот и Министерството за правда ќе бидат земени предвид, ако му биле соопштени на претседателот на судот навремено и ако претседателот на судот добил можност да даде коментари за извештаите. Извештаите што не му биле соопштени на претседателот на судот можат да се користат ако Комисијата му ги достави извештаите на претседателот на судот за негови коментари за време на оценувањето, со давање на период за коментирање, не пократок од 15 дена, за да го оцени Извештајот и да даде коментари за него и, ако тоа може разумно да се очекува, ако претседателот на судот, без оглед на времето што поминало, е во можност да ги оцени и да даде коментари за извештаите.

**Член 5**
**Принципи на бодирање**

(1) Оценувањето се врши со позитивно бодирање.Делумните резултати или неуспехот да се остварат резултати се оценуваат со пониска оценка или не се бодираат.
(2) Во утврдувањето на точниот степен на остварување на критериумот, комисијата ќе го има предвид степенот во кој е остварена зададената цел. Околностите во кои претседателот не можел да делува (член 92, став 3 од ЗССРСМ) ќе бидат земени предвид.
(3) Индивидуалните оценувања на членовите на комисијата ќе бидат собрани, а збирот ќе се подели со бројот на членовите што учествуваат во оценувањето.Математичкиот просек ќе биде одлучувачки фактор во изборот на категоријата на бодови предвидена во член 94, ставови 1, 4 и 5 од ЗССРСМ. Во категориите наведени во член 94, став 2 и 3 од ЗССРСМ, просечната вредност ќе биде пренесена како број на бодови добиени во оценувањето.

## Дел II Реализација на програмата за работа и акцискиот план

**Член 6**
**Основа за оценување**

(1) Овој дел го регулира оценувањето на критериумот „реализирана Програма за работа со акциски план“ (член 92, алинеја 1 и член 94, став 1 од ЗССРСМ).
(2) Основа за оценување е програмата за работа со акциски план што претседателот ја претставил пред Советот пред да биде избран за претседател, како и нивните ажурирани верзии. Ќе се оценуваат само целите што можат да бидат оценети со користење на транспарентни и објективни критериуми. Реализацијата на работната програма се оценува со излистување на предложени активности чие спроведување било определено како приоритетно во текот на периодот на оценување.
(3) Ако реализацијата на некоја активност бара финансиски средства што не биле достапни, недостигот од финансиски средства ќе се смета за околност во која претседателот не можел да делува (член 92, став 3 од ЗССРСМ), ако претседателот побарал финансиски средства за таа цел во целосно комплетиран стратешки план и во соодветното буџетско барање.
(4) За потврда на реализацијата како извори ќе се користат објаснувањето на претседателот на судот за реализацијата и сите пречки што го спречиле претседателот на судот да делува, Годишниот извештај за работата на судот поднесен до Врховниот суд на Република Северна македонија, и други извештаи. На почетокот на постапката за оценување, Претседателот на Советот ќе побара од претседателот на судот да достави објаснување во рок од 15 дена.

**Член 7**
**Стандарди за бодирање**

(1) Стандардот за оценување е споредба на планираните и остварените резултати за дадената активност.
(2) Максимална оцена се доделува ако резултатите биле постигнати во предвидениот временски период, до предвиденото ниво, и со очекуваниот квалитет, а резултатите се одржливи.Оние активности што водат кон целосна, навремена и одржлива реализација на активноста се оценуваат со по 10% за секоја од нив.
(3) Утврдената оцена за секоја активност се намалува ако спроведувањето почнало, но било одложено или постигнало само делумни резултати, или сè уште не е одржливо.Оние активности што делумно се реализирани добиваат оцена од 1 до 9% (делумна реализација).
(4) Ако Програмата за работа и поврзаниот акциски план содржат активности кои не можат да бидат оценувани со транспарентни и објективни критериуми, активностите што недостасуваат ќе бидат оценети со нула,.Оценка нула ќе биде дадена, ако спроведувањето на некоја активност не започнало, активноста не била спроведена со потребната сериозност или не произвела ниту еден од посакуваните резултати.
(5) Процентите доделени на активности се собираат. Завршното бодирање за критериумот се врши во согласност со член 5, став 2 од оваа Методологија и член 84, став 1 од ЗССРСМ.

## Дел III Примена на Судскиот Деловник

### Член 8
### Основа за оценување

(1) Овој дел ја регулира примената на Судскиот деловник (член 92, алинеја 2, и член 94, став 2 од ЗССРСМ), донесен од Министерството за правда врз основа на член 84 од Законот за судовите. Релевантна верзија ќе биде верзијата од Деловникот што е во сила во времето на траењето на мандатот на претседателот на судот.
(2) Основа за оценувањето е увидот во извештаите од редовните и вонредните контроли од повисокиот суд, Советот и Министерството за правда. Доколку Комисијата добие сознанија за суштествени повреди на одредбите од Судскиот деловник што можат да имаат значително влијание врз оценувањето, Комисијата може да побара дополнителен вонреден извештај.

### Член 9
### Стандарди за бодирање

(1) Стандардот за оценување е дека нема да бидат констатирани никакви недоследности во однос на примената на сите делови од Судскиот деловник, со исклучок на одредбите што се однесуваат на системот за управување со судски предмети што се покриени во Дел IV.
(2) Оценувањето особено внимание посветува на
   - Одобрувањата за продолжување на рокот за примена на Судскиот деловник (член 5 од Судскиот деловник),
   - Успешната, навремена и правилна примена на работата на судската управа, вклучително и судската полиција (член 13, 62, 87, 117, 119, 142, 238, 267 и 328 од Судскиот деловник),
   - Организацијата и следењето на работата на судот (член 15 до 18, 23, 26, 116 од Судскиот деловник),
   - Организацијата на судиите поротници (член 29 од Судскиот деловник) и судските толкувачи,
   - Подготовката, комплетноста и почитувањето на Годишниот распоред за работа (член 72, 112, 174 од Судскиот деловник),
(3) 40 бодови ќе бидат доделени ако нема констатирани неправилности во извештаите (член 94, став 2 од ЗССРСМ).
(4) Оценката ќе биде 20 бодови ако се констатирани неправилности што биле надминати во согласност со препораките и во роковите наведени во извештаите. Бодирање што е различно од 20, засновано на бројот и сериозноста на неправилностите, нема да биде применливо.
(5) Нема да бидат доделени бодови ако извештаите покажат дека претседателот воопшто не го почитува Судскиот деловник, ако претседателот не ги надминал констатираните

недостатоци од поголем обем и значење во предвидениот рок, или ако некоја сериозна повреда може да претставува закана за довербата на јавноста во судството.

## Дел IV Функционирање на системот за управување со судски предмети

### Член 10
### Основа за оценување

(1) Овој дел ја регулира примената на системот за управување со судски предмети (член 92, алинеја 3 и член 94, став 3 од Законот за Судскиот совет).Релевантна верзија е верзијата од системот за управување со судски предмети што е достапна и инсталирана во судот во времето кога таел мандатот на претседателот на судот и примената на Законот за управување и движењето на предметите во судовите.

(2) Основа за оценувањето е увидот во извештаите од редовните и вонредните контроли од повисокиот суд, Советот и Министерството за правда. Доколку Комисијата добие сознанија за сериозни повреди што можат да имаат значително влијание врз оценувањето, Комисијата може да побара дополнителен вонреден извештај.

### Член 11
### Стандарди за бодирање

(1) Стандардот за оценување е доследното функционирање на системот за управување со судски предмети.

(2) Стандардот го вклучува и обезбедувањето на неопходните кадровски, технички и организациски услови за функционирање на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети (член 14 и 89 од Судскиот деловник).Не е вклучена техничката оперативност на системот ако одржувањето и надградувањето на системот не се контролирани од претседателот. Законското функционирање подразбира користење на системот за управување со судски предмети од страна на претседателот на судот во согласност со Судскиот деловник и во согласност на системот, особено во однос на правилното постапување во случаи на иземање на судии (членовите од 175 до 178 од Судскиот деловник).

(3) 20 бода ќе бидат доделени ако нема недоследности во извештаите (член 94, став 3 од ЗССРСМ).

(4) Оценката ќе биде 10 бода ако се констатирани недоследности и ако тие биле надминати во согласност со препораките и во роковите наведени во извештаите.Нема да се применува оценка што е различна од 20 заснована на нивото на сериозност на недоследностите.

(5) Нема да бидат доделени бодови ако извештаите покажат дека претседателот целосно не го користи системот за управување со судски предмети, или не ги надминал

недоследностите во согласност со извештаите или ги пречекорил роковите за нивно надминување.

## Дел V Квалитет на донесена одлука во судската управа

### Член 12

Овој дел го регулира оценувањето на квалитетот на административните одлуки усвоени од претседателот на судот (член 92, став 1, алинеја 4 и член 94, став 4 од ЗССРСМ).

### Член 13
### Основа за оценување, определување на предметите

(1) Сите видови на административни списи и акти што се регистрирани во АКМИС-от ќе се сметаат за квалификувани за оценување.
(2) На почетокот на постапката за оценување, Претседателот на Советот ќе побара од претседателот на судот да определи пет предмети во рок од 15 дена, што ќе бидат оценувани. Претседателот на судот може да ги замени определените предмети само ако некој спис е значително нецелосен, или ако повеќе не е достапен, или не може да биде комплетиран или достапен во разумно време и со вложување на разумен напор.
(3) Претседателот на Советот ќе го покани претседателот на судот, со користење на официјалната е-маил адреса, да учествува во случајниот избор на предмети.Присуството на претседателот на судот не е задолжително.Претседателот на Советот, во присуство на мнозинство од членовите на Комисијата за оценување, прави случаен избор на пет предмети со користење на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети. Случајниот избор може да се повтори ако претседателот на судот не требало да преземе или не преземал никакви активности што би можеле да се оценуваат.

### Член 14
### Стандарди за бодирање

(1) Критериумот „квалитет на донесена одлука" ги оценува аргументацијата и разбирливоста на објаснувањето дадено како образложение за административната одлука.Критериумот не ја оценува законската исправност на административната одлука.
(2) Највисоката оценка десет ќе биде доделена ако одлуката ги почитува формалните барања (членови 128 и 129 од Судскиот деловник), ако прецизно се повикува на правните норми што ја даваат основата за одлуката, ако ги поврзува елементите на

правната норма со специфичните факти на случајот, ако јасно ги аргументира донесените заклучоци по оцената на фактите и доказите, ги оценува презентираните аргументи, ако ги зема предвид можните отстапувања и ако е јасно разбирлива во јазикот и аргументацијата за правните застапници како и за граѓаните.

(3) Намалена оценка (од 1 до 9) ќе биде дадена ако може да се пронајде некој критериум или ако било можно и разумно да се очекува дека, во пракса, одлуката ќе биде со повисок квалитет, земајќи ги предвид видот и значењето на одлуката.

(4) Оцена нула ќе биде дадена ако не е дадена никаква аргументација или ако аргументацијата претставува сериозна закана за довербата на јавноста во судството, особено ако побудува сомневање за постоење на корупција.

**Член 15**
**Метод за пресметка**

(1) Секој член на Комисијата ги оценува сите поединечни предмети. Членот на Комисијата ќе ги земе предвид сите аспекти при оценувањето. Сепак, членот има слобода да посвети повеќе внимание во оценувањето на еден од поткритериумите или на вкупната слика за одлуката, ако се работи за исклучително позитивна или негативна одлука, или ако отстапувањето од пропорционалното оценување на сите критериуми е оправдано во согласност со специфичните околности на предметот.

(2) На крајот од индивидуалното оценување, секој член на Комисијата го оценува секој поединечен случај со оценка од 0 до 10, каде што 0 е најниската а 10 е највисоката оценка.

(3) Индивидуалните оцени на членовите на Комисијата се собираат и збирот се дели со бројот на членовите на Комисијата. Просечните оценки за сите предмети се собираат и збирот се дели со бројот на предметите. Математичкиот збир ја обезбедува основата за бројот на бодови што ќе бидат доделени во согласност со член 93, став 4 од ЗССРСМ.

## Дел V Односи со јавноста и транспарентност

**Член 16**
**Основа за оценување**

(1) Овој дел го регулира оценувањето на квалитетот на работата на претседателот на судот во областа на односите со јавноста и транспарентноста во работењето и слободниот пристап до информации од јавен карактер (член 92, став 1, алинеја 5 и член 94, став 5 од ЗССРСМ).

(2) Односите со јавноста и транспарентноста во работењето ќе се оценуваат преку анализа на веб страницата на судот. Дополнителите активности на судот на

социјалните медиуми и други видови на јавно информирање ќе бидат земени предвид ако веб страницата посочува на нив и ако се непосредно достапни за општата јавност.

(3) Слободниот пристап до информации од јавен карактер се оценува врз основа на увид во веб страницата на судот и други веб страници, реализираната програма за работа на претседателот на судот и извештаите од редовните и вонредните контроли на надлежните институции.

(4) Ако претседателот на судот нема влијание врз објавувањето на содржини на веб страницата или ако одлуката за поставување на содржини или техничката изведба ја носат различни лица надвор од судот, изведбата на веб страницата ќе се смета за околност во која претседателот на судот не можел да делува (член 92, став 3 од ЗССРСМ). Во таков случај, барањата за информации и објавување, предлозите за подобрување, поплаките за функционалноста и операбилноста на веб страницата и другите коментари доставени од претседателот на судот до надлежната институција ќе бидат оценувани. Комисијата ќе работи под претпоставка дека барањето за објавување било објавено во согласност со барањето и дека другите предлози биле прифатени и применети.

## Член 17
## Стандарди за бодирање

(1) Стандардот за бодирање е достапноста на релевантните информации за јавноста на интернет на професионален и кориснички ориентиран начин, со обезбедување на целосна транспарентност на судот и неговото работење, придонесувајќи за јавната доверба на граѓаните и коректното и навремено информирање на медиумите.Оценувањето се врши со доделување на бодови за секоја поединечна категорија.

(2) Во рамките на односите со јавноста и транспарентноста во работењето ќе се пресметуваат помеѓу нула и две оценки за секој од наредните:
- Соопштенија за работата на судот,
- Објавување на одлуките и
- Анализи и извештаи за работата на судот.

(3) Целосно оценување со две оценки за секоја од претходните точки се врши ако документите можат лесно да се пребаруваат со транспарентни критериуми и ако:
- Соопштенијата за работата на судот содржат целосна, разбирлива информација за датумот и просторијата во која ќе се одржи рочиштето и броевите на предметите на претстојните случаи, достапни во разумен период пред одржувањето на рочиштето,
- Одлуките се објавени во предвидениот рок, со почитување на барањата за анонимизација (член 130 од Судскиот деловник) и ја содржат информацијата или, ако е неприменливо, обезбедуваат разумен преглед на релевантната содржина на одлуката,
- Анализите и извештаите се објавени во рок од две недели по настанувањето на најраната можност за нивно објавување и се целосни.

(4) Бројот на доделени бодови може да се намали за секоја од категориите, ако информациите се нецелосни, се објавени со одложување или не се лесно достапни, или од други причини не го задоволуваат разумниот интерес за информации на странките или јавноста.

(5) Нема да се доделат бодови во соодветната категорија ако информациите целосно отсуствуваат, ако практично се недостапни за јавноста или вкупниот впечаток за начинот на ракување со информациите ја загрозува довербата на јавноста во судството.

(6) Оцена од нула до четири ќе биде доделена за квалитетот на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

(7) Полна оценка се доделува ако веб страницата содржи информации за
- Поштенската адреса, телефонскиот број на централата и бројот на факс, како и е-маил адресата на судот, информации за активностите на судот на социјалните медиуми
- Можностите за доаѓање до судот со користење на јавен превоз, можностите за паркирање на возила во близина на судот,
- Месната и стварната надлежност и одделенијата во судот,
- Имињата на претседателот и на судиите што работат во соодветните одделенија,
- Лицето за контакт со медиумите, листа на претстојни настани што може да бидат од интерес за медиумите, и последните соопштенија за медиумите,
- Информации или линк до информации за други професионални профили што соработуваат со судот (на пр., вештаци, судски толкувачи, адвокатска и нотарска комора, народниот правобранител),

(8) Бројот на доделени бодови може да се намали ако информациите се нецелосни, се објавени со одложување или не се лесно достапни, или од други причини не ги задоволуваат разумните барања за информации на јавноста.

(9) Нема да се доделат бодови, ако не е именувано лице одговорно за односи со јавноста (член 102 од Судски деловник), ако информациите целосно отсуствуваат, ако практично се недостапни за просечниот корисник или ако вкупниот впечаток за ракувањето со информациите ја загрозува довербата на јавноста во судството.

(10) Пресметувањето на бодовите за секоја категорија се врши во согласност со одредбите од член 5, став 2 од оваа Методологија.Бодовите се собираат а максималниот збир на бодови изнесува десет.Сите оценки на членовите на Комисијата се собираат и збирот се дели со бројот на членовите на комисијата.Конечната просечна оценка е еквивалентна на бројот од левата колона од член 93, став 5 од ЗССРСМ, врз основа на која се доделуваат конечните бодови од оценувањето.

## Дел VI Постапка за оценување

### Член 18
### Образец за квалитативно оценување

Како образец за квалитативно оценување (член 92, став 5 од ЗССРСМ) ќе се користи Excel табеларна пресметка приложена во анексот, што ќе биде математички

програмирана во согласност со член 90, 93, 94 и 95 од ЗССРСМ. Вршењето на оценувањето за секој од членовите на Комисијата за оценување вклучува и пополнување на табеларната пресметка во електронска форма.

**Член 19**
**Образложение на оценувањето**

Секој член на Комисијата ќе обезбеди, во белешка за предметот, кратка аргументација колку широк опсег на оценување бил користен, дека членот на комисијата ги користел предвидените предмети и факти, дека оценувањето е вршено врз основа на законски пропишаните критериуми и показателите од оваа Методологија, и дека не се користени нерелевантни или субјективни критериуми.Информацијата од претходниот став, оценката и образецот за оценување се проследуваат до Советот, кој продолжува со оценувањето во согласност со член 96 од ЗССРСМ.

**Дел VI Преодна одредба**

**Член 20**

(1) Оваа Методологија ќе се применува за сите редовни и вонредни оценувања, почнувајќи од денот на нејзиното усвојување.
(2) Претседателите на судовите ќе ги ажурираат своите програми за работа и акциски планови во согласност со оваа Методологија. Ажурираната верзија ќе послужи како основа за оценувањето (член 6, став 2 од оваа Методологија), ако претседателот на судот ја доставил до Советот во рок од три месеци по влегувањето во сила на оваа Методологија.
(3) Методологијата ќе биде објавена на веб страницата на Советот.

**бр.01-1982/1**
**21.12.2020 година**
**С К О П Ј Е**

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Киро Здравев**

# Образец за квалитативно оценување на претседателите на судо

Верзија од 1.10.2020

Име на претседателот на судот:

**Реализирана програма за работа**

| | оценувачи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Максимум 10% за секоја од целите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | просек |
| Цел 1 | | | | | | 0 |
| Цел 2 | | | | | | 0 |
| Цел 3 | | | | | | 0 |
| Цел 4 | | | | | | 0 |
| Цел 5 | | | | | | 0 |
| Цел 6 | | | | | | 0 |
| Цел 7 | | | | | | 0 |
| Цел 8 | | | | | | 0 |
| Цел 9 | | | | | | 0 |
| Цел 10 | | | | | | 0 |
| Збир од просечните оценки за 10-те цели | | | | | | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| 81 - 100 | 60 бодови | бодови |
| 51 - 80 | 30 бодови | |
| Под 50 | Без бодови | |

**Примена на Судскиот Деловник**

| | оценувачи | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | просек | |
| Нема недоследности 40 бодови | | | | | | 0 | |
| Недоследностите се надминати 20 бодови | | | | | | 0 | бодови |
| Недоследностите остануваат: Без бодови | | | | | | 0 | 0 |

**Функционирање на системот за управување со судски предмети**

| | оценувачи | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | просек | |
| Доследна законска функција 20 бодови | | | | | | 0 | |
| Недоследностите се надминати 10 бодови | | | | | | 0 | бодови |
| Недоследностите остануваат: Без бодови | | | | | | 0 | 0 |

**квалитет на донесена одлука во судска управа**

| | оценувачи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Оценка 1 - 10 (10 е највисока оценка) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| **Предмет 1** | | | | | | |
| Цитирана правна норма | | | | | | |
| Елементи на нормата поврзани со факти | | | | | | |
| Убедливост на аргументацијата | | | | | | |
| Оценување на доказите | | | | | | |
| Други аргументи за кои е расправано | | | | | | |
| Јасно разбирлив јазик на одлуката | | | | | | |
| Објаснување за граѓаните | | | | | | |
| Збир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Предмет 2** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | |
| Цитирана правна норма | | | | | | | |
| Елементи на нормата поврзани со факти | | | | | | | |
| Убедливост на аргументацијата | | | | | | | |
| Оценување на доказите | | | | | | | |
| Други аргументи за кои е расправано | | | | | | | |
| Јасно разбирлив јазик на одлуката | | | | | | | |
| Објаснување за граѓаните | | | | | | | |
| Збир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| | оценувачи | | | | | | |
| **Предмет 3** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | |
| Цитирана правна норма | | | | | | | |
| Елементи на нормата поврзани со факти | | | | | | | |
| Убедливост на аргументацијата | | | | | | | |
| Оценување на доказите | | | | | | | |
| Други аргументи за кои е расправано | | | | | | | |
| Јасно разбирлив јазик на одлуката | | | | | | | |
| Објаснување за граѓаните | | | | | | | |
| Збир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| | оценувачи | | | | | | |
| **Предмет 4** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | |
| Цитирана правна норма | | | | | | | |
| Елементи на нормата поврзани со факти | | | | | | | |
| Убедливост на аргументацијата | | | | | | | |
| Оценување на доказите | | | | | | | |
| Други аргументи за кои е расправано | | | | | | | |
| Јасно разбирлив јазик на одлуката | | | | | | | |
| Објаснување за граѓаните | | | | | | | |
| Збир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| | оценувачи | | | | | | |
| **Предмет 5** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | |
| Цитирана правна норма | | | | | | | |
| Елементи на нормата поврзани со факти | | | | | | | |
| Убедливост на аргументацијата | | | | | | | |
| Оценување на доказите | | | | | | | |
| Други аргументи за кои е расправано | | | | | | | |
| Јасно разбирлив јазик на одлуката | | | | | | | |
| Објаснување за граѓаните | | | | | | | |
| Збир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| | оценувачи | | | | | | |
| **Предмет 6** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | |
| Цитирана правна норма | | | | | | | |
| Елементи на нормата поврзани со факти | | | | | | | |
| Убедливост на аргументацијата | | | | | | | |
| Оценување на доказите | | | | | | | |
| Други аргументи за кои е расправано | | | | | | | |
| Јасно разбирлив јазик на одлуката | | | | | | | |
| Објаснување за граѓаните | | | | | | | |
| Збир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Предмет 7** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| Цитирана правна норма | | | | | | |
| Елементи на нормата поврзани со факти | | | | | | |
| Убедливост на аргументацијата | | | | | | |
| Оценување на доказите | | | | | | |
| Други аргументи за кои е расправано | | | | | | |
| Јасно разбирлив јазик на одлуката | | | | | | |
| Објаснување за граѓаните | | | | | | |
| Збир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | оценувачи | | | | | |
| **Предмет 8** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| Цитирана правна норма | | | | | | |
| Елементи на нормата поврзани со факти | | | | | | |
| Убедливост на аргументацијата | | | | | | |
| Оценување на доказите | | | | | | |
| Други аргументи за кои е расправано | | | | | | |
| Јасно разбирлив јазик на одлуката | | | | | | |
| Објаснување за граѓаните | | | | | | |
| Збир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | оценувачи | | | | | |
| **Предмет 9** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| Цитирана правна норма | | | | | | |
| Елементи на нормата поврзани со факти | | | | | | |
| Убедливост на аргументацијата | | | | | | |
| Оценување на доказите | | | | | | |
| Други аргументи за кои е расправано | | | | | | |
| Јасно разбирлив јазик на одлуката | | | | | | |
| Објаснување за граѓаните | | | | | | |
| Збир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | оценувачи | | | | | |
| **Предмет 10** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| Цитирана правна норма | | | | | | |
| Елементи на нормата поврзани со факти | | | | | | |
| Убедливост на аргументацијата | | | | | | |
| Оценување на доказите | | | | | | |
| Други аргументи за кои е расправано | | | | | | |
| Јасно разбирлив јазик на одлуката | | | | | | |
| Објаснување за граѓаните | | | | | | |
| Збир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Средна оценка за донесени одлуки во судска управа, 10 предме | | | | | | 0 |

8 - 10 = 20 бодови
5 - 8 = 15 бодови
3 - 5 = 10 бодови
помалку од 3 = 0 бодови

бодови

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Односи со јавноста и транспарентност** | | | | | | | |
| | оценувачи | | | | | | |
| Оценка 0 - 10 (10 е највисока оценка) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | просек | |
| Соопштенија на судот за рочишта (2) | | | | | | | |
| Објавени одлуки (2) | | | | | | | |
| Објавени анализи и извештаи (2) | | | | | | | |
| Веб страница за информирање на јавноста (4) | | | | | | | |
| (податоци за контакт) | | | | | | | |
| (надлежности, судии) | | | | | | | |
| (информации за медиумите) | | | | | | | |
| (информации за граѓаните) | | | | | | | |
| Збир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| Просечна оценка за односи со јавноста | | | | | | 0 | |
| 8 - 10 = 20 бодови | | | | | | | бодови |
| 5 - 8 = 15 бодови | | | | | | | |
| 3 - 5 = 10 бодови | | | | | | | |
| помалку од 3 = 0 бодови | | | | | | | |

## Пресметување – претседателот не постапува по п

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | бодови |
| Збир на бодови од квалитативно оценување | | | | | | | 0 |
| Решени случаи во судот: | | | | | | | |
| Повеќе од 110 % = 40 бодови | | | | | | | |
| 105 - 110 % = 35 бодови | | | | | | | бодови |
| 100 - 105 % = 30 бодови | | | | | | | |
| 90 - 100 % = 20 бодови | | | | | | | |
| Помалку од нула бодови | | | | | | | Збир |
| Збир на бодови | | | | | | | 0 |
| Одлуки што не подлежат на контролен надзор, член 88 | | | | | | 105 | |
| Збир над 100 – позитивна оцена | | | | (X) | | | |
| Збир под 100 = негативна оцена | | | | (X) | | | |

## Пресметување на оцената – претседателот постапува по предме

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оценување како судија со различни проценти | | | | | макс | Збир | |
| Квалитет на постапката, член 84, став 1 | | 0 | 25 | 40 | 60 | | |
| Ажурно постапување по судски предмети, | | 0 | 15 | 25 | 35 | | |
| Укинати одлуки, член 84, став 3 | 0 | 10 | 15 | 20 | 25 | | |
| Квантитативно променети одлуки0 | 4 | 7 | 10 | 15 | 20 | | |
| Квалитативен збир, 30% | | | | | | 0 | 0 |
| Норма од Член 90 = 70% | | | | | | | |
| Норма за решени предмети, член 86, став : | | Минимум | | макс | 60 | | 0 |
| Збир на бодови како судечки судија | | | | | | | 0 |
| Плус бодови како претседател, член 90, став 2 | | | | | | | 0 |
| Оценување на збирот, максимум 200 | | | | | | | 0 |
| Одлуки што не подлежат на контролен надзор, член 88 | | | | | | 105 | |
| Збир над 100 = позитивна оцена | | | | (X) | | | |
| Збир под 100 = негативна оцена | | | | (X) | | | |